РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-9490/3
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-9490/1 од 12.12.2022 година, оформен по доставена пријава за издавање на фалсификат документ, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување поради немање доволно податоци и информации за пријавениот случај, а подносителот не одговорил на барањето на ДКСК за допрецизирање и дополнување на пријавата.

Предметот со број 12-9490/1 од 12.12.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.12.2022 година, поднесена е пријава за издавање на фалсификат документ и оформен е предмет број 12-9490/1 од 12.12.2022 година.

Во пријавата се наведува дека одреден документ кој се користи во судска постапка и му се нанесува штета на подносителот е фалсификат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности -----------. Подносителот наведува дека пратил документација до 20 институции, но не било преземено ништо од нивна страна. Според наводите од пријавата, станува збор за земјиште одземено со судска пресуда при што не бил признаен одреден имотен лист на подносителот. Подносителот се сомнева на измама и штитење на криминал од страна на судовите и вклученост на судии и вештаци во измами.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за дополнување на пријавата до подносителот во насока на доставување хронолошки опис на настаните, податоци за вклучените институции и службени лица и дејствијата кои се преземени од нив во пријавениот случај, како и податоци

за кое земјиште станува збор во пријавата. На ова барање не е доставен одговор од страна на подносителот.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување поради немање доволно податоци и информации за пријавениот случај, а подносителот не одговорил на барањето на ДКСК за дополнување на пријавата, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**